# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 132 Год. LXIII Среда, 31 октомври 2007 Цена на овој број е 210 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1748. | **Решение** за доделување титула Амбасадор на културата на Република Македонија во Република Србија............ | 2 |
| 1749. | **Правилник** за формата и содржината на записникот за царински прекршок, како и формата и содржината на поканата за плаќање на глоба и платниот налог....................................................... | 2 |
| 1750. | **Правилник** за изменување и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност………… | 13 |
| 1751. | **Правилник** за изменување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат за производство на храна..................................................... | 13 |
| 1752. | **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... | 14 |
| 1753. | **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... | 14 |
| 1754. | **Одлука** за одобрување на Ценовник-тарифа за испорака на топлинска енергија за греење на тарифните потрошувачи на Топлификација АД Скопје, за период од 1 октомври до 31 декември 2007 година.......................... | 15 |
| | **Фонд за здравствено осигурување на Македонија** | |
| 218. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија................ | 15 |
| 219. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија........ | 15 |
| 220. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика.. | 19 |
| 221. | **Одлука** за изменување на Одлуката за усвојување на Методологија за утврдување на завршени специјалистичко консултативни стоматолошки здравствени услуги и Методологија за утврдување на цени, како и цени на завршените услуги.. | 20 |
| 222. | **Правилник** за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување......................................... | 22 |
| 223. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала...................................... | 22 |
| | **Управа за семе и саден материјал** | |
| 224. | **Национална сортна листа**................. | 22 |
| | **Комисија за заштита на конкуренцијата** | |
| 225. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата.............................. | 24 |
| 226. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата.............................. | 24 |
| 227. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата.............................. | 24 |
| | **Огласен дел**........................................ | **1-72** |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1748.**

Врз основа на член 11-а од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05 и 24/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ТИТУЛА АМБАСАДОР НА КУЛТУРАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Со ова решение на Зафир Хаџиманов, истакнат и меѓународно афирмиран и признат македонски естраден уметник, му се доделува титула Амбасадор на културата на Република Македонија во Република Србија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5554/1
18 септември 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1749.**

Врз основа на член 28-а став 5 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05 и 107/07), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ЦАРИНСКИ ПРЕКРШОК, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА И ПЛАТНИОТ НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот за откриен царински прекршок што царинскиот службеник е должен да го состави како и формата и содржината на поканата и платниот налог за плаќање на глоба.

Член 2

(1) Записникот за царински прекршок за физичко лице, е отпечатен на хартија со бела боја (формат А4) и истиот содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која го изготвува записникот. Во продолжение следи текст со повикување на законските одредби врз основа на кои се составува записникот, како и табела со следните рубрики и текст:

- рубрика А (податоци за сторителот): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на сторителот, и тоа: име, татково име и презиме на физичкото лице и единствен матичен број на граѓанинот; датум, место и држава на раѓање и државјанство; занимање, адреса на живеалиште или на привремен престој,број на патна исправа, датум и место на издавање на патната исправа и орган кој ја издал патната исправа,
- рубрика Б (опис на прекршокот): во оваа рубрика се наведуваат особено: времето, местото и начинот на сторување и откривање на прекршокот; законските одредби кои се повредени со дејствијата на сторителот; јазикот на кој помеѓу царинскиот службеник и сторителот е воден разговор; лицата кои се затекнати на самото место; вид, количина, квалитет, вредност и потекло на стоките предмет на прекршокот, како и правната квалификација на прекршокот,
- рубрика В (податоци за лица кои го откриле прекршокот): во оваа рубрика се наведува име, презиме, потпис и факсимил на царинските службеници кои го откриле прекршокот,
- рубрика Г (изјава и потпис на сторителот): во оваа рубрика се наведува изјавата на сторителот по однос на наводите во записникот и негов потпис, и
- рубрика Д (составил записник и присутни лица): во оваа рубрика се наведуваат, присутните лица и нивен потпис, како и печат на Царинската управа, име, презиме и потпис на царинскиот службеник кој го составил записникот .

(2) Записникот за царински прекршок од став 1 на овој член, е даден на образец 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Записникот за царински прекршок за правно лице е отпечатен на хартија со бела боја (формат А4) и истиот содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која го изготвува записникот. Во продолжение надолу следи текст со повикување на законските одредби врз основа на кои се составува записникот, како и табела со следните рубрики и текст:

- рубрика А1 (податоци за правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на сторителот (правното лице), и тоа: назив, даночен број, седиште и жиро сметка и деловна банка,
- рубрика А2 (податоци за одговорното лице во правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на одговорното лице во правното лице, и тоа: име, татково име и презиме, единствен матичен број, датум, место и држава на раѓање и државјанство; занимање, адреса на живеалиште или на привремен престој,број на патна исправа, датум и место на издавање на патната исправа и орган кој ја издал патната исправа,
- рубрика Б (опис на прекршокот): во оваа рубрика се наведуваат особено: времето, местото и начинот на сторување и откривање на прекршокот; законските одредби кои се повредени со дејствијата на сторителот; јазикот на кој помеѓу царинскиот службеник и сторителот е воден разговор; лицата кои се затекнати на самото место; вид, количина, квалитет, вредност и потекло на стоките предмет на прекршокот, како и правната квалификација на прекршокот,
- рубрика В (податоци за лицата кои го откриле прекршокот): во оваа рубрика се наведува име, презиме, потпис и факсимил на царинските службеници кои го откриле прекршокот,
- рубрика Г (изјава и потпис на сторителот): во оваа рубрика се наведува изјавата на сторителот по однос на наводите во записникот и негов потпис, и
- рубрика Д (составил записник и присутни лица): во оваа рубрика се наведуваат, присутните лица и нивен потпис, како и печат на Царинската управа, име, презиме и потпис на царинскиот службеник кој го составил записникот.

(2) Записникот за царински прекршок од став 1 на овој член, е даден на образец 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Поканата за плаќање на глоба за физичко лице е отпечатена на хартија со бела боја (формат А4) и истата содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која ја издава поканата. Во продолжение следи повикувањето на законските одредби врз основа на кои се издава поканата за плаќање на глоба, како и податоци за сторителот на прекршокот, и тоа: име и презиме, и матичен број на физичкото лице, број и датум на издавање на патната исправа и држава доколку сторителот е странско лице, како и текст со износот на глобата, одредбата од Царинскиот закон со која е утврден прекршокот за кој се издава по-

каната, по Записник со број, датумот и организационата единица која го составила записникот за царински прекршок и рокот во кој треба износот на глобата да се уплати на налог за јавни приходи (образец ПП50), пополнет на начин даден во прилог на поканата, со напатствие дека оригиналниот налог за јавни приходи со кој е извршено плаќањето на глобата, сторителот треба да го достави на надлежната организациона единица во даден рок Под овој текст поканата за плаќање на глоба содржи ОПОМЕНА за последиците по сторителот доколку глобата не биде уплатена во определениот рок, а под оваа опомена од десно кон лево се наоѓа простор за потпис на сторителот, печат на организационата единица на Царинската управа и потпис и факсимил на царинскиот службеник кој ја издава поканата.

(2) Поканата за плаќање на глоба од став 1 на овој член, е дадена на образец 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Поканата за плаќање на глоба за правно лице е отпечатена на хартија со бела боја (формат А4) и истата содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која ја издава поканата. Во продолжение надолу следи повикувањето на законските одредби врз основа на кои се издава поканата за плаќање на глоба, како и податоци за сторителот на прекршокот правно лице и табела со следните рубрики и текст:

- рубрика А (податоци за правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на сторителот (правното лице), и тоа: назив, даночен број, седиште и жиро сметка и деловна банка;

- рубрика Б (податоци за одговорното лице во правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на одговорното лице во правното лице, и тоа: име, татково име и презиме, единствен матичен број, датум, место и држава на раѓање и државјанство; занимање, адреса на живеалиште или на привремен престој,број на патна исправа, датум и место на издавање на патната исправа и орган кој ја издал патната исправа, како и текст со износот на глобата во денарска противвредност на образец ПП 50 (во прилог) пополнет на начин даден во прилог на поканата, одредбата од Царинскиот закон со која е утврден прекршокот за кој се издава поканата, по Записник со број, датумот и организационата единица која го составила записникот за царински прекршок и рокот во кој треба износот на глобата да се уплати, со напатствие дека оригиналниот налог за јавни приходи со кој е извршено плаќањето на глобата, сторителот треба да го достави на надлежната организациона единица во даден рок Под овој текст поканата за плаќање на глоба содржи ОПОМЕНА за последиците по сторителот доколку глобата не биде уплатена во определениот рок, а под оваа опомена од десно кон лево се наоѓа простор за потпис на сторителот, печат на организационата единица на Царинската управа и потпис и факсимил на царинскиот службеник кој ја издава поканата.

(2) Поканата за плаќање на глоба од став 1 на овој член, е дадена на образец 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) Платниот налог за физичко лице е отпечатен на хартија со бела боја (формат А4) и истиот содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која го издава платниот налог. Во продолжение надолу следи повикувањето на законските одредби врз основа на кои се издава платниот налог, како и податоци за сторителот на прекршокот, и тоа: име и презиме, и матичен број на физичкото лице број и датум на издавање на патна исправа и држава доколку сторителот е странско лице; како и текст со износот на глобата, што треба да се плати во денарска против вредност на образец ПП 50 (во прилог), со наведување на член од Царинскиот закон според кој е утврден прекршокот, со број и дата на Записник и организационата единица која го составила записникот за царински прекршок, рокот во кој треба износот на глобата да се уплати на налог за јавни приходи (образец ПП50, пополнет на начин даден во прилог на платниот налог). Под овој текст платниот налог содржи НАПОМЕНА дека ако глобата се плати во определениот рок, се плаќа само 50 % од износот на глобата, а во спротивно дека против сторителот ќе биде поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка. Под оваа опомена од десно кон лево се наоѓа простор за потпис на сторителот, печат на организационата единица на Царинската управа и потпис и факсимил на царинскиот службеник што ја издал поканата.

(2) Платниот налог од став 1 на овој член, е даден на образец 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

(1) Платен налог за правно лице е отпечатен на хартија со бела боја (формат А4) и истата содржи: централно поставено лого на Царинската управа, а во левиот горен агол бројот, датумот и час, како и организациона единица која ја издава поканата. Во продолжение следи повикувањето на законските одредби врз основа на кои се издава поканата за плаќање на глоба, како и податоци за сторителот на прекршокот правно лице, и табела со следните рубрики и текст:

- рубрика А (податоци за правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на сторителот (правното лице), и тоа: назив, даночен број, седиште и жиро сметка и деловна банка;

- рубрика Б (податоци за одговорното лице во правното лице): во оваа рубрика се наведуваат сите податоци потребни за утврдување на идентитетот на одговорното лице во правното лице, и тоа: име, татково име и презиме, единствен матичен број, датум, место и држава на раѓање и државјанство; занимање, адреса на живеалиште или на привремен престој, број на патна исправа, датум и место на издавање на патната исправа и орган кој ја издал патната исправа, како и текст со износот на глобата во денарска противвредност што треба да се плати по образец ПП 50(во прилог) пополнет на начин даден во прилог на патниот налог, одредбата од Царинскиот закон со која е утврден прекршокот за кој се издава платниот налог, по Записник со број, датумот и организационата единица која го составила записникот за царински прекршок и рокот во кој треба износот на глобата да се уплати, со напатствие дека оригиналниот налог за јавни приходи со која е извршено плаќањето на глобата, сторителот треба да го достави на надлежната организациона единица во даден рок. Под овој текст платниот налог за плаќање на глоба содржи НАПОМЕНА дека ако глобата се плати во определениот рок се плаќа само 50% од износот, а во спротивно против сторителот ќе биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, а под оваа опомена од десно кон лево се наоѓа простор за потпис на сторителот, печат на организационата единица на Царинската управа и потпис и факсимил на царинскиот службеник кој ја издава поканата.

(2) Платниот налог од став 1 на овој член, е даден на образец 6 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр.10-40075/1
29 октомври 2007 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

Образец 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : /1

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за прекршоците ("Службен весник на РМ" бр.62/06) и член 28-а став 1 од Законот за Царинската управа ("Службен весник на РМ"бр.46/04, 81/05 и 107/07) се составува следниот

# ЗАПИСНИК

**за царински прекршок**

(за физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛОТ |
|---|---|

| Име, татково име и презиме | | ЕМБГ |
|---|---|---|
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на патна исправа | Датум и место на издавање на патната исправа | Орган кој ја издал патната исправа |

| Б | ОПИС НА ПРЕКРШОКОТ* |
|---|---|

| |
|---|
| |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА КОИ ГО ОТКРИЛЕ ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|

| Откриле прекршок (име, презиме, потпис и факсимил на царински службеници) |
|---|
| |

| Г | ИЗЈАВА И ПОТПИС НА СТОРИТЕЛОТ |
|---|---|

Во врска со наводите во записникот го изјавувам следното:

.

______________________

Потпис од сторителот

| Д | СОСТАВИЛ ЗАПИСНИК И ПРИСУТНИ ЛИЦА |
|---|---|

| Присутни лица | М.П | Составил записник (име, презиме и потпис на царинскиот службеник ) |
|---|---|---|

*

време (час и временски услови), место (на влез/увоз или излез/извоз) и начин на сторување и откривање на прекршокот (законски одредби кои се повредени; опис на сите околности и дејствија што се извршени при сторувањето односно откривањето на прекршокот со наведување дали стоките се непријавени или скриени и опис на местата на криење и дали се употребени посебни вештини и техники за откривање на тие места); јазик на кој помеѓу царинскиот службеник и сторителот е воден разговор; лица кои се затекнати на самото место (сопатници, декларанти, превозници, претставници на правни лица и сл.); вид, количина, квалитет, вредност и потекло на стоките предмет на прекршокот (сите податоци, карактеристики, ознаки и сериски броеви врз основа на кои може да се изврши идентификација на стоката); правна квалификација на прекршокот.

Образец 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : /1

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за прекршоците ("Службен весник на РМ" бр.62/06) и член 28-а став 1 од Законот за Царинската управа ("Службен весник на РМ"бр.46/04, 81/05 и 107/07) се составува следниот

# ЗАПИСНИК

**за царински прекршок**

(за правно лице)

**А1** ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ

| | |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

**А2** ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Име, татково име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на патна исправа | Датум и место на издавање на патната исправа | Орган кој ја издал патната исправа |

**Б** ОПИС НА ПРЕКРШОКОТ *

| |
|---|
| |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА КОИ ГО ОТКРИЛЕ ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|

| |
|---|
| Откриле прекршок (име, презиме, потпис и факсимил на царински службеници) |

| Г | ИЗЈАВА И ПОТПИС НА СТОРИТЕЛОТ |
|---|---|

| |
|---|
| Во врска со наводите во записникот го изјавувам следното:<br><br>____________________<br>Потпис од сторителот |

| Д | СОСТАВИЛ ЗАПИСНИК И ПРИСУТНИ ЛИЦА |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Присутни лица | М.П | Составил записник (име, презиме и потпис на царинскиот службеник ) |

---

*

време (час и временски услови), место (на влез/увоз или излез/извоз) и начин на сторување и откривање на прекршокот (законски одредби кои се повредени; опис на сите околности и дејствија што се извршени при сторувањето односно откривањето на прекршокот со наведување дали стоките се непријавени или скриени и опис на местата на криење и дали се употребени посебни вештини и техники за откривање на тие места); јазик на кој помеѓу царинскиот службеник и сторителот е воден разговор; лица кои се затекнати на самото место (сопатници, декларанти, превозници, претставници на правни лица и сл.); вид, количина, квалитет, вредност и потекло на стоките предмет на прекршокот (сите податоци, карактеристики, ознаки и сериски броеви врз основа на кои може да се изврши идентификација на стоката); правна квалификација на прекршокот.

Образец 3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : /2

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ” бр.62/06) и член 28-а став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на РМ” бр.46/04, 81/05 и 107/07) се издава

## ПОКАНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА

(за физичко лице)

---

(Име и презиме и матичен број на физичкото лице, број и датум на издавање на патна исправа и држава доколку сторителот е странско лице )

да плати глоба во износ од 100,00 евра, во денарска противвредност на образец ПП 50 (во прилог) за сторен прекршок по член на Царинскиот закон, по Записник број од год. на организационата единица , во рок од 8 дена.

Оригиналниот налог за јавни приходи со кој е извршено плаќањето на глобата сторителот е должен да го достави во организационата единица , а најдоцна до год.

**ОПОМЕНА :**

**Доколку глобата не се плати во определениот рок против сторителот ќе биде поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.**

(Потпис на сторител) М.П. (Потпис и факсимил на царински службеник)

....................................................................................................................................................


НАЛОГОДАВАЧ

ПРИМАЧ

Буџет на РМ

НБРМ

1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5

МКД

8 4 0 x xx 0 5 1 0 3

платен налог бр.xxxx

решение бр.xxxxxx

7 2 2 1 1 9 0 0

Образец 4

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : /2

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.62/06) и член 28-а став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на РМ" бр.46/04, 81/05 и 107/07) се издава

# ПОКАНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА

(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Име, татково име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на патна исправа | Датум и место на издавање на патната исправа | Орган кој ја издал патната исправа |

да плати глоба во износ од 500,00 евра, во денерска противвредност на образец ПП 50 (во прилог) за сторен прекршок по член на Царинскиот закон, по Записник број од год. на организационата единица , во рок од 8 дена.

Оргиналниот налог за јавни приходи со која е извршено плаќањето на глобата сторителот е должен да го достави во организационата единица , а најдоцна до год.

**ОПОМЕНА :**

**Доколку глобата не се плати во определениот рок против сторителот ќе биде поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.**

(Потпис на сторител) М.П. (Потпис и факсимил на царински службеник)

........................................................................................................................................................................



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

платен налог бр.xxxx

решение бр.xxxxxx

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ

Буџет на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

НБРМ

СМЕТКА

100000000063095

ИЗНОС

МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

840 x xx 05103

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК-ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

722119 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

Образец 5

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : /2

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.62/06) и член 28-а став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на РМ" бр.46/04, 81/05 и 107/07) се издава

# ПЛАТЕН НАЛОГ

(за физичко лице)

(Име и презиме и матичен број на физичкото лице, број и датум на издавање на патна исправа и држава доколку сторителот е странско лице )

да плати глоба во износ од 100,00 евра, во денарска противвредност на образец ПП 50 (во прилог) за сторен прекршок по член на Царинскиот закон, по Записник број од год. на организационата единица , во рок од 8 дена.

Оригиналниот налог за јани приходи со која е извршено плаќањето на глобата сторителот е должен да го достави во организационата единица , а најдоцна до год.

**НАПОМЕНА :**

**Ако глобата се плати во определениот рок се плаќа само 50% од износот, а во спротивно против сторителот ќе биде поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.**

(Потпис на сторител) М.П. (Потпис и факсимил на царински службеник)


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

платен налог бр.xxxx

решение бр.xxxxxx

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ

Буџет на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

НБРМ

СМЕТКА

100000000063095

ИЗНОС

МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

840 x xx 05103

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

722119 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

Образец 6

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Број : □□ □ /2

Датум год. во часот

Организациона единица :

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.62/06) и член 28-а став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на РМ" бр.46/04, 81/05 и 107/07) се издава

# ПЛАТЕН НАЛОГ

(за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Назив | Даночен број |
|---|---|
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Име, татково име и презиме | | ЕМБГ |
|---|---|---|
| Датум, место, држава на раѓање и државјанство | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на патна исправа | Датум и место на издавање на патната исправа | Орган кој ја издал патната исправа |

да плати глоба во износ од 500,00 евра, во денарска противвредност на образец ПП 50 (во прилог) за сторен прекршок по член на Царинскиот закон, по Записник број од год. на организационата единица , во рок од 8 дена.
Оригиналниот налог за јавни приходи со која е извршено плаќањето на глобата сторителот е должен да го достави во организационата единица , а најдоцна до год.

**НАПОМЕНА :**
**Ако глобата се плати во определениот рок се плаќа само 50% од износот, а во спротивно против сторителот ќе биде поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка.**

(Потпис на сторител) М.П. (Потпис и факсимил на царински службеник)

.............................................................................................................................................



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

платен налог бр.xxxx

решение бр.xxxxxx

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ

Буџет на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

НБРМ

СМЕТКА

1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5

ИЗНОС

МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

840 x xx 05103

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

722119 00

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

---

**1750.**

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр. 62/2005), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 99/2005 и 35/2007) во член 5 став 1 зборовите: „го определува" се заменуваат со зборовите: „одлучува за".

Член 2

Во член 11 став 1 алинејата 4 се менува и гласи: „или до издавачот доколку е тоа однапред дефинирано во проспектот. Во овој случај понудите се доставуваат во писмена форма".

Член 3

Во член 22 став 1 по зборот „обврзници" зборот „проспект" се брише.

Член 4

По членот 33 се додава нов член 33-а кој гласи:

„Член 33-а

Издавачот го задржува правото да ја издаде истата или било која друга помала сума на државни хартии од вредност од онаа утврдена во проспектот.

Издавачот го задржува правото да ја издаде истата или било која друга помала сума на државни хартии од вредност од онаа доставена во секоја поединечна понуда."

Член 5

Во членот 35 став 1 по сврзникот „и" се додаваат зборовите: „/или".

Член 6

Во членот 57 став 1 алинејата 3 се менува и гласи: „- Дејство на виша сила (vis major) и други вонредни околности".

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**1751.**

Врз основа на член 13, став 2 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2002 и 84/2007), министерот за здравство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА АДИТИВИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ УПОТРЕБУВААТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА

Член 1

Во Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат за производство на храна („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/2005), во Прилогот 1 „Позитивна листа на адитиви", Табела 1.1 „Адитиви (освен ароми и ензими), означени со Е-броеви, со назнака на основни и останати функционални својства", редниот број 11 и зборовите: „Е 128 Црвена 2G (C. I. 18050)" се бришат.

Редните броеви од 12 до 294 стануваат редни броеви од 11 до 293.

Член 2

Во Прилогот 2 „Прехранбени бои", Табелата 2.3. се заменува со нова Табела 2.3. која е составен дел на овој правилник.

Член 3

Во Прилогот 5 „Употреба на адитиви според групи и видови прехранбени производи“, Табела 5.2. „Производи на месо од добиток за колење, дивеч и живина“, редниот број 8 и зборовите: „Е 128 Црвена 2G“ се бришат.

Редните броеви од 9 до 124 стануваат редни броеви од 8 до 123.

Член 4

Во Прилогот 6 „Специфични критериуми за чистота на адитивите“, делот за адитивот „Е 128 Црвена 2G“ се брише.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-16028/2
16 октомври 2007 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Имер Селмани**, с.р.

***Прилог 2* Прехранбени бои**

*Табела 2.3*

**БОИ ДОЗВОЛЕНИ ЗА УПОТРЕБА САМО ВО ОДРЕДЕНИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

| Боја | Прехранбени производи | Максимално ниво |
|---|---|---|
| Е 123 Амарант | Аперитивски вина, алкохолни пијалоци, вклучувајќи ги и производите со помалку од 15% вол. алкохол | 30 mg/l |
| | Рибина икра | 30 mg/kg |
| Е 127 Еритрозин | Цреши за коктел и кандирани цреши | 200 mg/kg |
| | Bigarreaux цреши во сируп и во коктели | 150 mg/kg |
| Е 154 Кафеава FK | Димена солена харинга | 20 mg/kg |
| Е 161g Кантаксантин | Saucisses de Strasbourg | 15 mg/kg |
| Е 173 Алуминиум | Надворешно премачкување на шеќерни слаткарски производи за украсување | quantum satis |
| Е 174 Сребро | Надворешен прелив на шеќерни украси за декорирање на слаткарски производи<br>Декорации за чоколади<br>Ликери | quantum satis |
| Е 175 Злато | Надворешен прелив на шеќерни украси за декорација на слаткарски производи<br>Декорации за чоколади<br>Ликери | quantum satis |
| Е 180 Литол рубин ВК | Кора од сирење што се консумира | quantum satis |
| Е 160b Анато, Биксин, Норбиксин | Маргарин, минарин и други масни емулзии, и масти, со значително намалена содржина на вода | 10 mg/kg |
| | Декорации и преливи | 20 mg/kg |
| | Фини печива | 10 mg/kg |
| | Мразеви за консумирање | 20 mg/kg |
| | Ликери, вклучувајќи и енергетски пијалоци со помалку од 15% вол. алкохол | 10 mg/l |
| | Ароматизирано топено сирење | 15 mg/kg |
| | Сирење Ripened Orange оранж, жолто или дробено бело сирење, неароматизирано топено сирење<br>Десерти | 15 mg/kg |
| | Ужини на база на компир, жита или скроб: | 10 mg/kg |
| | -Екструдирани или експандирани пикантни производи за ужина | 20 mg/kg |
| | -Други производи за ужина од овошје со тврдо јадро со пикантно премачкување | 10 mg/kg |
| | Чадена риба | 10 mg/kg |
| | Кора од сирење што се консумира и обвивка за кобасици што се консумира | 20 mg/kg |
| | Сирење Red Leicester | 50 mg/kg |
| | Сирење Mimolette | 35 mg/kg |
| | Екструдирани или експандирани производи од жита за појадок со или без овошна арома | 25 mg/kg |

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

**1752.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86, 17/91, 84/05 и 109/05), Државниот завод за геодетски работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Робово – Општина Пехчево.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Робово, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11828/1
26 октомври 2007 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

**1753.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86, 17/91, 84/05 и 109/05), Државниот завод за геодетски работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Мелница – Општина Чашка.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 на ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Мелница, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-11829/1
26 октомври 2007 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1754.**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06 и 36/07), а во врска со точка 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката бр. 02-1412/1 од 28.09.2006 година, за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период на Топлификација АД Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 127/07), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 29 октомври 2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК-ТАРИФА ЗА ИСПОРАКА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ НА ТАРИФНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД ОД 1 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

1. Се одобрува Ценовникот-тарифа на топлинска енергија за греење за периодот од 1 октомври до 31 декември 2007 година, доставен од страна на Топлификација АД Скопје, согласно точка 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката, бр.02-1412/1 од 28.09.2006 година, за просечна цена на производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за регулиран период на Топлификација АД Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 127/07).

2. Се задолжува Топлификација АД Скопје од 1 октомври 2007 година да ги намали постојните тарифи утврдени во согласност со применуваниот тарифен систем за 6,06 % и да ја применува следната Ценовник-тарифа:

| | Тарифни ставки | Един. мерка | Цена од 01.10.2007 |
|---|---|---|---|
| **I.** | **Станбен простор** | | |
| **а)** | **Паушална наплата** | | |
| а/1 | На 12 месечни рати | $м^2$ | 22,97 |
| а/2 | На 6 месечни рати | $м^2$ | 45,94 |
| **б)** | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | MW | 443.844,57 |
| б/2 | Испорачана енергија | MWh | 1.476,92 |
| **II.** | **Деловен простор** | | |
| **а)** | **Паушална наплата** | MW | 3.449.303,57 |
| **б)** | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | MW | 601.900,82 |
| б/2 | Испорачана енергија | MWh | 2.374,72 |
| **III.** | **Основно образование** | | |
| **а)** | **Паушална наплата** | MW | 1.918.897,71 |
| **б)** | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | MW | 451.920,73 |
| б/2 | Испорачана енергија | MWh | 1.761,84 |

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 октомври 2007 година.

Бр. 02-1678/1
29 октомври 2007 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

---

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**218.**

Врз основа на член 56 од Законот за здравственото осигурување (“Сл.весник на РМ” бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 09.10.2007 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 61/2006 и 41/2007), во член 2 табелата се заменува со следната табела:

| Ред. број | Назив на помагалото , материјал, резервни делови, потрошен материјал | Единечна цена со 5% ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Едноделен систем за колостома - самолеплива кеса | **40** |
| 2 | Едноделен педијатриски систем за колостома -самолеплива кеса | **85** |
| 3 | Едноделен систем за илеостома - самолеплива кеса | **117** |
| 4 | Кеси за дводелен систем за колостома без филтер | **38** |
| 5 | Кеси за дводелен систем за колостома со активен филтер | **45** |
| 6 | Кеси за дводелен систем за илеостома | **51** |
| 7 | Кеси за дводелен систем за уростома | **68** |
| 8 | Плочки за дводелен систем | **108** |
| 9 | Паста за стома 60 гр.(алкохол) | **341** |
| 10 | Паста за стома 30 гр. | **213** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на РМ”, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-14080/4
9 октомври 2007 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
**Снежана Костадиноска Милошеска,** с.р.

---

**219.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување (“Сл.весник на РМ” бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 09.10.2007 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИЦИТЕ МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (“Службен весник на РМ” бр. 18/2004, 76/2004 и 62/2007), во член 2 табелата се заменува со следната табела:

| Ред. број | | Назив на помагалото , материјал, резервни делови, потрошен материјал | Единечна цена со 5% ДДВ |
|---|---|---|---|
| | А | ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА | |
| | 1 | ПРОТЕЗИ ЗА НОЗЕ | |
| | 1,1 | НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ | |
| 1 | | Надколена дрвена протеза со дрвено лежиште | 68.640 |
| 2 | | Надколена комбинирана протеза (дрво,метал,кожа) | 38.934 |
| 3 | | Надколена комбинирана протеза за дезартикулација на колк со кожно лежиште | 72.450 |
| 4 | | Надколена комбинирана протеза за дезартикулација на колено | 48.573 |
| 5 | | Надколена скелетна протеза за дезартикулација на колк со пластично лежиште | 96.655 |
| 6 | | Надколена скелетна протеза со пластично лежиште | 95.155 |
| 7 | | Надколенична скелетна протеза за дезартикулација на колено | 75.635 |
| 8 | | Надколенична скелетна геријатриска протеза со дрвено лежиште | 86.500 |
| 9 | | Надколенична скелетна геријатриска протеза со пластично лежиште | 92.131 |
| 10 | | Надколена протеза со две стопала (кај скратување) | 75.655 |
| 11 | | Надколено имедијантно лежиште за протеза | 33.814 |
| | 1,2 | ПОДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ | |
| 12 | | Комбинирана подколена протеза /дрво,метал,кожа/ | 28.480 |
| 13 | | Дрвена подколена протеза | 29.400 |
| 14 | | Пластична подколена протеза | 35.146 |
| 15 | | Шопортова подколена протеза | 29.100 |
| 16 | | Подколена скелетна протеза со пластично лежиште | 36.019 |
| 17 | | Подколена скелетна протеза со дрвено лежиште | 33.180 |
| 18 | | Подколено имедијантно лежиште за протеза | 30.254 |
| | 1,3 | ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ | |
| 19 | | Слободен коленски зглоб | 25.240 |
| 20 | | Коленски зглоб со кочница | 26.208 |
| 21 | | Самокочечки коленски зглоб | 28.498 |
| 22 | | Геријатриски коленски зглоб | 17.321 |
| 23 | | Зглоб за дезиркулација на колено | 35.200 |
| 24 | | Надворешен потпорен коленски зглоб | 10.500 |
| 25 | | Зглоб за дезартикулација на колк за скелетна протеза | 36.355 |
| 26 | | Зглоб за колк (трохантер) | 13.760 |
| 27 | | Скочен зглоб за стопало тип Грајзингер | 6.405 |
| 28 | | Скочен зглоб за стопало тип Нормгеленк | 7.526 |
| 29 | | Скочен зглоб за стопало Сач | 3.360 |
| 30 | | Скочен зглоб за дрвено стопало | 4.410 |
| 31 | | Механички скочен зглоб | 6.930 |
| | 1,4 | С Т О П А Л А | |
